# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 19 Септември 2019 година<br>Скопје<br>Бр.10 Год. XIV |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Заклучок за усвојување на Извештај за работата на полициската станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за прво шестмесечие за 2019 година ....................стр.2
2. Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Ѓорче Петров ....................стр.4
3. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за финансиско учество за целосна реконструкција на улици на територија на Општина Ѓорче Петров ....................стр.9
4. Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на администрацијата на Општина Ѓорче Петров ....................стр.11
5. Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на админиистративно-деловна зграда и подземен паркинг простор со сите дополнително склучени анекс договори ираскинување на договорот ....................стр.29
6. Одлука за раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на админиистративно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени Анекс-договори ....................стр.32
7. Одлука за доделување на финансиски средства на МПЦ-ОА Црква Св.„Спас“ - с.Орман ..........стр.35

8. **Одлука за доделување на финансиски средства за одржување на традиционален турнир во мал фудбал „ГЕ ГЕ КУП 2019“ ........стр.37**
9. **Одлука за доделување финансиски средства на Мото Клуб „Вардар“ ........стр.39**
10. **Одлука за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II квартал од 2019 година ........стр.41**
11. **Годишнен Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за период од 2018/2019 година ........стр.74**
12. **Годишна Програма за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица“ за период од 2019/2020 година ........стр.76**
13. **Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинското Основно училиште „Ѓорче Петров“ ........стр.78**
14. **Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинското Основно училиште „Мирче Ацев“ ........стр.80**
15. **Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинското Основно училиште „Димитар Поп Георгиев Беровски“ ........стр.82**
16. **Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинското Основно училиште „Страшо Пинџур“ ........стр.84**
17. **Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинското Основно училиште „Тихомир Милошевски“ ........стр.86**
18. **Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на општинското Основно училиште „Јоаким Крчовски“ ........стр.88**
19. **Одлука за усвојување на Годишни Извештаи за работата на основните училишта на Општина Ѓорче Петров за учебната 2018/2019 година ........стр.90**
20. **Одлука за усвојување на Програми за работата на основните училишта на Општина Ѓорче Петров за учебната 2019/2020 година ........стр.92**
21. **Мислење за Програмата за организирање ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2019/2020 година на ООУ „Ѓорче Петров“ ........стр. 94**
22. **Мислење за Програмата за организирање ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2019/2020 година на ООУ „Мирче Ацев“ ........стр. 96**
23. **Мислење за Програмата за организирање ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2019/2020 година на ООУ „ Димитар Поп Ѓорѓиев Беровски “ ........стр. 98**
24. **Мислење за Програмата за организирање ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2019/2020 година на ООУ „ Страшо Пинџур “ ........стр. 100**
25. **Мислење за Програмата за организирање ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2019/2020 година на ООУ „ Тихомир Милошевски “ ........стр. 102**
26. **Мислење за Програмата за организирање ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2019/2020 година на ООУ „ Јоаким Крчовски “ ........стр. 104**
27. **Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров во 2019 година ........стр.106**
28. **Одлука за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров“ за 2019 година........стр.109**

**Септември 2019 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок**
**за усвојување на Извештај за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров“**
**за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче**
**Петров за Прво шестомесечие од 2019 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај на Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за Прво шестомесечие од 2019 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/1**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 25 од Законот за полиција (Службен Весник на Р.М. бр. 114/06), член 16 став 1 точка 28 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-вата седница одржана на ден 19.09.2019 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров“**
**за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче**
**Петров за Прво шестомесечие од 2019 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот на Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за Прво шестомесечие од 2019 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2996/3** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 19.09.2019 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/2**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 24 став 2, а в.в. со член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (“Службен Весник на РМ “ Бр. 05/02), член 15 и член 21-а став 1 в.в став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.Весник на РМ бр.6/12,144/2014, 33/2015, 104/2015 и 215/2015 и 153/19) и член  16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Бр. 18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Одлуката за прифаќање на физибилити студија за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров бр.08-253/12 од 29.01.2019 година, (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 1/19 ), Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров бр.08-550/4 од од 19.02.2019 година (Службен Гласник на општина Ѓорче Петров број 1/19) и Извештајот од спроведената постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров бр.03-938/19 од 03.09.2019 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница, одржана на ден 19.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Советот на општина Ѓорче Петров, по спроведената постапка по Оглас бр. 05-938/5/2019 од 08.07.2019 година, за доделување на договор за воспоставување  на јавно-приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување,  одржување и развој во општина Ѓорче Петров (во понатамошниот текст договор за јавно-приватно партнерство), ја избира понудата бр. 03-938/16 од 26.09.2019 година, поднесена  од понудувачот: Група економски оператори (конзорциум) - ЏЕМДАГ АЈДИНЛАТМА САНАЈИ ВЕ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРКЕТИ (АД Осветлување производство и трговија), ДПТУ ЏЕМДАГ ИНТ увоз-извоз ДООЕЛ Ресен, ДТПУ ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт-импорт, Скопје (во понатамошниот текст Приватен партнер).

**Член 2**

Советот на општина Ѓорче Петров го имаше предвид извештајот на Комисијата од спроведената евалуација на понудата поднесена  од понудувачот наведен во член 1 од ова одлука, при што констатира дека понудата е во рамките на предвидените финансиски средства за спроведување на договорот за воспоставување на ЈПП, како и тоа дека

понудата ги задоволува сите предвидени услови и критериуми утврдени во тендерската документација.

**Член 3**

Предмет на договорот за воспоставување на ЈПП е модернизација на системот за јавно осветлување во општина Ѓорче Петров со примена на модел на јавно-приватно партнерство (ЈПП) со опфат на инвестиции и извршување на следните активности:

- Замена на постојните 2887 светилки во првите 6 (шест) месеци од потпишување на договорот за ЈПП, со енергетски ефикасни ЛЕД светилки од три типа на светлосни арматури со моќност: Тип 1 помала од 30 W (752 парчиња), Тип 2 помала од 45 W (1522 парчиња) и Тип 3 помала од 100 W (613 парчиња) со карактеристики утврдени во физибилити студијата и нивно одржување, со што ќе се намали потрошувачката на електрична енергија, при што вкупно инсталираната моќност на светилките да биде помала од 160 кW;
- Изместување на опремата од ТС на ЕВН во посебни ормари и воведување на управување и мониторинг на системот во првата година од потпишување на договорот за ЈПП, преку имплементација на централни сегментни контролери во 120 ормари;
- Поставување на дополнителни 983 светлосни арматури (413 парчиња од Тип 1, 378 парчиња Тип 2 и 192 парчиња Тип 3 ЛЕД светилки) на трошок на приватниот партнер на столбови поставени од општината во оперативниот период на важност на договорот за ЈПП согласно планот за развој на општината;
- Воспоставување на систем 48 часа и call центар, како и одржување на светиликите што подразбира целосна ефективност и функционалност на светилките за целиот оперативен период на важност на договорот за ЈПП;
- Проектирање (дизајнирање) и спроведување на развојните годишни програми за јавно осветлување, кои не се во опфатот во сегашниот систем за јавно осветлување, а ќе бидат составен дел од одржувањето со проширување на мрежата при реализација на годишните програми од страна на приватаниот партнер;

**Член 3**

Времетраењето на договорот за јавно-приватно партнерство е 12 години, а започнува да тече од датумот на потпишување на договорот.

**Член 4**

Приватниот партнер е должен да го потпише договорот за јавно-приватно партнерство во рокот на важност на понудата и да ги почитува сите рокови кои се утврдени во тендерската документација.

**Член 5**

Вкупниот надоместок во период од 12 години што општина Ѓорче Петров ќе го исплати на приватниот партнер врз основа на најниско доствената прифатлива понуда е 142.781.000 денари без ДДВ поделено на 144 еднакви месечни надоместоци.

**Член 6**

Се задолжува градоначалникот на општина Ѓорче Петров да го потпише договорот за ЈПП со приватниот партнер, а во рок од 10 дена по потпишувањето на истиот да формира Комисија составена од 3 члена за следење на реализација на договорот за ЈПП од кои 2 (два) од општина Ѓорче Петров и 1 (еден) од приватниот партнер.

**Член 7**

Одлуката ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија и во Службен гласник на општина Ѓорче Петров.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Образложение**

Врз основа на иницијативата на градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Александар Наумоски за развивање на проект за подобрување на квалитетот на комуналната услуга - јавно осветлување, а врз основа на член 16 став 2 алинеа 1 од Законот за концесии и Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП), изготвен е Извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Ѓорче Петров.

Согласно извештајот за претходна анализа општината во постапка за јавна набавка избра консултант кој изработи Физибилити студија студија за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров, која е усвоена од Советот на општината со Одлуката за прифаќање на физибилити студија за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров бр.08-253/12 од 29.01.2019 година, советот на општина Ѓорче Петов ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров бр.08-550/4 од од 19.02.2019 година, објавена во Службен Гласник на општина Ѓорче Петров број 1/19, врз оснаова на која градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката.

Комисијата за спроведување на постапката, претходно објави оглас за технички дијалог при што голем број на економски оператори поставуваа прашања и дадоа свои сугести и забелешки. Комисијата одговори на сите поставени прашања, ги разгледа и сите сугестии и забелешки, при што дел од истите ги прифати и ги вгради во тендерската документација.

По завршување на техничкиот дијалог од страна на Комисијата е изготвена тендерска документација, согласно која на 08.07.2019 е објавен Оглас за спроведување на отворена постапка за доделувње на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во општина Ѓорче Петров. бр. 05-938/5/2019.

Огласот е објавен на 8.07.2019 година, а отварањето требаше да се одржи на 16.08.2019 година, но по барање на неколку економски оператори Комисијата го продолжи рокот за 10 дена, односно до 26.08.2019 година.

На денот закажан за отварање на понудите 26.08.2019 година, пристигна една понуда, Комисијата во присуство на овластени претставници на подносителите на понудата ја отвори пристигнатата понуда со бараните мустри, при што констатира дека истата е поднесена во предвидениот рок, а е поднесена од понудувачот: Група економски оператори (конзорциум) - ЏЕМДАГ АЈДИНЛАТМА САНАЈИ ВЕ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРКЕТИ (АД Осветлување производство и трговија), ДПТУ ЏЕМДАГ ИНТ увоз-извоз ДООЕЛ Ресен, ДТПУ ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО ДОО експорт-импорт, Скопје.

Комисијата изврши евалуција на понудата при што констатира дека понудата е во рамките на предвидените финансиски средства за спроведување на договорот за воспоставување на ЈПП, како и тоа дека понудата ги задоволува сите предвидени услови и критериуми утврдени во тендерската документација.

Со оглед на тоа што е доставена само една една понуда не е спроведена електронаска аукција, а од страна на Комисијата е побарано преку системот ЈПП е-аукции на Министерство за економија понудувачот да достави конечна цена на понудата.

Конечна цена на понудата е 142.781.000 денари без ДДВ, износ кој општина Ѓорче Петров во период од 12 години ќе го исплаќа на приватниот партнер на 144 еднакви месечни надоместоци.

Комисијата изготви извештај за спроведената постапката со кој предлага советот на општина Ѓорче Петров да донесе одлука за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој во Општина Ѓорче Петров, врз основа на која градоначалникот ќе го склучи Договорот за воспоставување на ЈПП.

**ПРАВНА ПОУКА**: Согласно член 138 од Законот за јавните набавки (Службен Весник на РМ број 24) против одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на ЈПП за модернизација на системот за јавно осветлување преку финансирање, реконструкција, може секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да изјави жалба во рок од 10 дена по приемот на одлуката преку општина Ѓорче Петров до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Број 08-2996/4**
**Од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за финансиско учество за целосна реконструкција на улици на територија на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за финансиско учество за целосна реконструкција на улици на територија на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/3**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 4, а в.в. со член 30 од Законот за меѓуопштинска соработка, („Службен весник на Р.М.“ бр.79/09), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Бр. 18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница, одржана на ден 19.09.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за финансиско учество за целосна реконструкција на улици на територија на општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Градот Скопје и се утврдува начинот, условите, финансирањето и други прашања за заедничка цел и интерес за финасиско учество за целосна реконструкција на следниве улици:

- Стево Филиповиќ (од потегот Купром до Воин Драшкоци)
- Даутица
- Гостиварска
- Беас Куле
- Мијачка
- Депа Каева

**Член 2**

Градот Скопје во остварувањето на соработката ќе учествува со финасиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2019 година, во износ од 7.000.000,00 денари, кои ќе се искористат исклучиво за намената од член 1 од оваа Одлука и во соогласност со прописите со кои се уредува градба од ваков тип објекти, а работите ќе ги изведе Ј.П „Улици и Патишта” Скопје.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука градоначалникот на општина Ѓорче Петров и градоначалникот на Град Скопје ќе склучат договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2996/5**
**Од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на администрацијата на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на администрацијата на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/4**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Сл. весник на Р.С.Македонија бр. 143/2019), член 16 став 1 точка  37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на општина Ѓорче Петров  на 31-вата  седница одржана на 19.09.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
## за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на  администрацијата на општина Ѓорче Петров

### I. Основни одредби

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира и се уредува внатрешната организација, видот и бројот на организационите единици на администрацијата на општина Ѓорче Петров, нивниот делокруг на работа, начините и формите на раководење и нивните надлежности и одговорности согласно законските прописи.

**Член 2**

Администрацијата на општина Ѓорче Петров (во понатамошниот текст општинска администрација) се организира за вршење на работи од надлежност на општината утврдени со Законот за локална самоуправа, посебните закони за одделни области, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Статутот на општината.

Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на административен службеник и за нив ќе се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

За вработените во општинската администрација ко вршат административно-технички или помошни работи кои немаат статус на административен службеник, ќе се применуваат одредбите од Законот за работни односи и Законот за вработените во јавниот сектор.

### II. Видови на организациони единици на општинската администрација

**Член 3**

Општинската администрација е организирана во следните организациони единици односно сектори и посебни одделенија:

-Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности;

-Сектор за нормативно-правни, општи работи и јавни набавки;

-Сектор за финансиски прашања;
-Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности;
-Сектор за економски одржлив развој;
-Одделение за инспекциски работи;
-Одделение за внатрешна ревизија и
-Одделение за управување со човечки ресурси.

**Член 4**

1. СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИК И ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ се состои од:
-Одделение за поддршка на работата на градоначалникот;
-Одделение за јавни дејности.

2. СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ, ОПШТИ РАБОТИ И ЈАВНИ НАБАВКИ , се состои од:
-Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот;
-Одделение за општи и стручно-административни работи
-Одделение за јавни набавки.

3. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА се состои од:
-Одделение за буџетска координација;
-Одделение за буџетска контрола;
-Одделение за сметководство и плаќања.

4. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ИНВЕСТИЦИИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ се состои од:
-Одделение за просторно и урбанистичко планирање;
-Одделение за спроведување на урбанистички планови;
-Одделение за инвестиции, комунални дејности и тековно одржување.

5. СЕКТОР ЗА ЕКОНОМСКИ ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ се состои од:
-Одделение за ЛЕР, подготовка на проектни апликации, поддршка за ЕУ програми и ЈПП;
-Одделение за заштита на животната средина, енергетска ефикасност и управување со земјиште.

**III. Делокруг на работа на организационите единици**

**Член 5**

СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИК И ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ е надлежен за:

- организирање и координирање на активностите на Градоначалникот;
- организирање и координирање на протоколарни активности на градоначалникот по повод празници, културни и спортски манифестации, официјални, свечени и работни посети на официјални лица на државни и меѓународни институции;
- организирање комуникација со јавноста, средби со граѓани, електронски и пишани медиуми, прес-конференции, брифинзи и интервјуа за медуими за промоција и презентација на активностите на Градоначалникот и Општината,
- врши работи поврзани со функционирањето на јавните дејности од надлежност на општината (образование, култура, спорт, социјална и детска заштита и здравство);

- иницирање и организирање проекти и активности од областа на јавните дејности на локално ниво (основно образование, социјална и детската заштита, култура и спорт);
- обезбедување услови за развој и унапредување на јавните дејности во општината и обезбедување пристап до домашни или меѓународни фондови за финансирање на проекти;
- координирање на работата на месната самоуправа;
- превзема активности за основање и управување на јавните установи за деца (детски градинки);
- вршење и други работи согласно законските прописи.

**Член 6**

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ врши работи што се однесуваат на координирање на активностите на Градоначалникот, организирање протоколарни и работни средби и состаноци на Градоначалникот по разни поводи од значење за Општината; подготвува работни материјали, информации, забелешки и записници; координира протоколарни активностите со странските држави при планирање и реализација на посета на официјални делегации на Општината; обезбедува соработка со здруженија на граѓани и фондации односно невладини организации; врши работи поврзани со меѓународна и меѓуопштинска соработка; организира информирање на пошироката јавност за работата на Градоначалникот, Советот на Општината и работните тела на Советот; организира прес-конференции, брифинзи и интервјуа за медуими, подготвува соопштенијата за јавноста, се грижи за пласирањето на информации на веб страната на општината; организира спроведување на анкети и јавните трибини при изготвување одделни прописи и стратешки и развојни документи на Општината, како и анкети за мерење на ставот на граѓаните за определени прашања и проблеми во Општината; врши работи од областа на месната самоуправа; врши и други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 7**

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ врши работи што се однесуваат на следење и грижа за примена на законските прописи и други општи акти од областа на локалната самоуправа, законските прописи што се однесуваат на јавните дејности (образованието, културата, спортот, социјалната заштита, заштита на децата, здравствената заштита и родова еднаквост); ја следи работата на општинските основни училишта и градинките; се грижи за унапредување, развој и осовременување на условите за работа на воспитно-образовниот и згрижувачкиот процес; идентификува проблеми дава предлози и сугестиии за нивно надминување; врши работи поврзани со основањето и управувањето на основните училишта и јавните установи за деца (детските градинки); организира проекти од областа на јавните дејности на локално ниво, културни и спортски манифестации, хуманитарни акции и др.; дава поддршка на проекти поддржани од невладини организации и надворешни

фондови и учествува во нивното планирање и реализација; врши кореспонденција со основните училишта, градинките, културните и спортските друштва, владините институции, соодветните Министерства и невладиниот сектор; прибира и обработува податоци за изготвување на анализи, информации и други материјали од областа на јавните дејности; подготвува годишни програми за работа и извештаи од областа на образованието, културата, спортот, социјалната и детската заштита и родовата еднаквост и ја следи нивната реализација; врши и други работи утврдени со закон како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 8**

СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ, ОПШТИ РАБОТИ И ЈАВНИ НАБАВКИ, е надлежен за:

- прашањата од локалната самоуправа што претставуваат основа за изготвување на годишни програми за работа;
- следење на прописите од својата област и давање мислење по истите;
- координирање на работата на одделенијата во рамките на секторот;
- кординирање на постапката за изготвување на план за работа и извештајот за негова реализација;
- контрола на законитоста на сите акти кои се изготвуваат за советот и градоначалникот пред нивното донесување;
- одржување на ВЕБ страницата на Општината;
- следење на проблематиката од областа на информатичкиот систем;
- врши работи поврзани со пристапот на информации од јавен карактер и претставки и предлози;
- се грижи за одржување на фиксната телефонија;
- врши работи од областа на цивилната заштита ( во областа на заштитата и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања и елементарни непогоди и други несреќи и последиците предизвикани од нив) и управувањето со кризи;
- управување со документите на Општината и чување се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија;
- вршење на работни задачи во врска со застапувањето на општината пред надлежните судови, јавно обвинителство, народен правобранител и други правосудни органи;
- следење и применување на Законот за јавни набавки и спроведување на постапките за јавни набавки;
- давање стручна помош на комисиите за јавни набавки;
- обезбедување на услови за работа на Комисиите за јавни набавки;
- изготвување на договори, рамковни спогодби за јавни набавки;
- вршење и други работи согласно законските прописи.

**Член 9**

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА НОРМАТИВНО ПРАВНИ РАБОТИ И РАБОТА СО СОВЕТОТ: ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и грижа за нивна примена; се грижи и го организира навременото и законитото изготвување на прописите и актите од надлежност на Советот и Градоначалникот на Општината што не се во надлежност на другите сектори; изготвување општи акти, извештаи и други материјали за потребите на Советот, давање стручна помош и организирање на подготвувањето и реализирањето на седниците на Советот и комисиите на Советот; изготвува Статут на општината, деловници за работа на советот, правилници, упатства, договори, одлуки, решенија и други поединечни акти за органите на општината, нивни измени и дополнувања, како и стручни анализи, извештаи , информации и други материјали; се грижи за навремено доставување на материјалите за седници до членовите на Советот; врши контрола на актите кои се изготвени од страна на други сектори и одделенија од аспект на законитост, пред да бидат ставени на дневен ред на седница на советот или пред да бидат донесени од градоначалникот; се грижи за објавување на одлуките на Советот во Службениот гласник; се грижи за изготвување и дистрибуција на „Службениот Гласник на општина Ѓорче Петров“; ги подготвува седниците на Советот и седниците на неговите тела; врши и други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Советот на Општината.

**Член 10**

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ОПШТИИ СТРУЧНО-АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ: ги следи и се грижи за примената на законските прописи и други општи акти од областа на локалната самоуправа, заштитата и спасувањето, архивското работење; ги следи и унапредува процесите во канцелариското и архивското работење кое го опфаќа приемот, распакувањето, евиденцијата и испраќањето на актите на органите на Општината, чувањето на архивираната документација и предавањето на истата во Државниот архив на РМ; прием и испраќање на документација по пошта; дактилографски работи; врши работи од надлежност на Општината за претставки и предлози поднесени по разни основи; работи од областа на возниот парк; општо-технички работи; планирањето, набавка на канцелариски и друг потрошен материјал; послужување на пијалоци и кафе; вршење работи поврзани со телефонската централа; по работи во врска со обезбедувањето на објектите, одржувањето на хигиената, хортикултурното уредување на дворните површини од општинските објекти; прием и пропуштање на странки; врши и дрги работи утврдени со закон како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 11**

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ: ги следи и применува законските прописи и други општи акти од областа на јавните набавки; ја координира подготовката на планот за јавни набавки; изготвува одлуки и објавува огласи за јавни набавки; учествува во работата на комисиите за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки; ги советува комисиите за јавни набавки при спроведување на постапките за доделување договор за јавна набавка; подготвува потребни акти врз основа на извештаи од спроведени постапки; ажурира податоци кои согласно закон се доставуваат до ЕСЈН; дава соодветна стручна помош на

комисиите за јавни набавки; остварува контакти со Бирото за јавни набавки и ги доставува до Бирото склучените договори и други потребни документи и информации,изготвува план за работа и извештај за негова реализација; врши и други работи утврдени со закон како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 12**

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА е надлежен за:

- следење и проучување на прописите од областа на финансиското, сметководственото и материјалното работење;
- изготвување стручни мислења по материјалите од надлежност на секторот од аспект на нивна усогласеност со законите и другите прописи;
- подготвување на Буџетот на Општината и годишната сметка на буџетот;
- следење на остварувањето на приходите и извршување на расходите на буџетот;
- подготвување на квартални извештаи за извршување на буџетот;
- подготвување други акти од областа на финансирањето;
- подготвување на акти од областа на финансиско управување и контрола;
- вршење на контрола на финансиската документација ex-ante и ex-post;
- водење сметководствена евиденција;
- водење евиденција за имотот на Општината;
- поднесување извештаи за состојбата на буџетот на Општината;
- работење на материјално-финансиските работи;
- благајничко работење и плаќања;
- изготвување на завршни сметки на сите жиро сметки со кои располага општината и основните училишта;
- водење евиденција на недвижен и подвижен имот;
- водење/следење евиденција на даночните обврзници;
- следење на состојбите во утврдувањето и наплатата на даноци;
- вршење наплата на комунални и административни такси и надоместоци;
- водење сметководствена евиденција на буџетските корисници;
- вршење распределба на средствата на блок дотациите по буџетските корисници;
- вршење и други работи согласно законските прописи.

**Член 13**

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА: ги врши работите што се однесуваат на: подготовка на буџетот на Општината и неговите измени и дополнувања; подготовка на акти поврзани со буџетот на општината; следење на извршување на буџетот на Општината; следење и примена на законската регулатива од областа на финансиска контрола и управуваење и буџетското работење; изготвување на квартални и месечни финансиски планови за буџетот на субјектот; дава мислења по предлог на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во Општината и предлог актите на другите субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на Општината; пријавување на склучените договори во системот на Е-обврски и нивно усогласување со програмите и позициите во буџетот; следење на реализација на програми, проекти и договори, подготовка на извештај за нивна реализација; активности за воспоставување и развој на

финансиското управување и контрола; математичка, формална и контрола на регуларноста на сметководствената документација пред да се изврши плаќање врз основа на изготвени листи за проверка; врши и други работи утврдени со закон како и работи што ќе му бидат доверени од Градоначалникот, Секретарот и Советот на Општината.

**Член 14**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА ги врши следните работи: следење на примената на контролните политики; подготовка на записници и извештаи за извршени контроли; вршење на проценка на ризик на процесите на финансиското управување и контрола; вршење на самопроценки на одделни процеси на системот на финансиското управување и контрола врз основа на извршена проценка на ризик и подготовка на извештај на спроведените самопроценки; целокупна контрола на сметководствената документација после извршувањето на плаќањето - екс-пост контрола; подготовка на методологија на утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните учулишта; изготвува финансиски планови за распределба на средствата на буџетските корисници по сметки; врши контрола на усогласеност на платите на буџетските корисници со планираните средства во буџетот; врши следење на реализација на основниот буџет на општината и на средствата на буџетските корисници преку посебни exel прегледи; врши следење на реализацијата на склучените договори ( временска и вредносна); врши и други работи утврдени со закон како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 15**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ПЛАЌАЊА ги врши следните работи: следење и примена на законската регулатива од областа на сметководството, материјалното и финансиското работење; изготвува акти ( решенија, договори и др.) од областа на сметководствено-финансикото работење; врши прием и води постапка за наплата на банкарски гаранции; секојдневно водење на благајничко работење и плаќање кон правни и физички лица; пресметка и исплата на платите на вработените; подготвување на завршна сметка и периодични извештаи за извршување на буџетот на Општината; подготовка на основните финансиски извештаи пропишани со Закон за сметководство на буџет и буџетски корисници и навремено доставување на истите до надлежните институции; врши екс-анте контрола; сметководствено евидентирање на целокупната сметководствена документација во главни и помошни книги; евидентирање на достасаните обврски, побарувања, основните средства, ситен инвентар и материјали на Општината; исплата по сметководствената документација; подготовка на извештаи за планирани и потрошени средства по програми и ставки; врши проверка на месечната распределба на даноците, таксите и надоместоците што се наплатени од даночната администрација на Градот Скопје, а се приходи на Општината; изготвување на извештаи за наплатата и распределувањето на приходите; евидентирање на недвижен и подвижен имот и редовно врши усогласување на состојбата на истиот; подготвува извештаи и информации за остварувањето на локалните даноци, такси и надоместоци, како и за реализација на средства за потребите на секторот; изготвува фактури за закупните; врши и други работи утврдени со закон како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 16**

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ИНВЕСТИЦИИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ е надлежен за:

- следење и применување на прописите од областа на урбанистичкото планирање, градежништвото, комуналните дејности како и општи акти кои се однесуваат на работењето на секторот;
- врши работи поврзани со планирање на просторниот и урбаниот развој на општината;
- покренување иницијативи и предлози за донесување, изменување и дополнување на просторниот план на Градот Скопје и генералниот урбанистички план на Градот Скопје;
- спроведување постапка по поднесена иницијатива за изменување и дополнување на детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место;
- давање мислења по нацртите на просторниот план на Градот Скопје и генералниот урбанистички план на Градот Скопје;
- изготвување на годишни програми за урбанистичко планирање, и комунални дејности;
- спроведување на постапките за изработување и донесување на детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и друга урбанистичко планска документација во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам;
- обезбедување на услови за планирање на просторот;
- водење на постапката за издавање одобренија за градење и други акти, за градби од втора категорија согласно законот за градење во електронска форма преку информацискиот систем е-дозволи;
- изготвување и издавање извод од детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и друга урбанистичко планска документација;
- издавање на урбанистичка согласност и решение по поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект согласно законот за постапување со бесправно изградени објекти;
- врши работи поврзани со постапките за експропријација и востановување право на службеност согласно законот за експропријација;
- спроведување на постапката за изработување и одобрување со заверка на архитектонско-урбанистички проект;
- вршење евидентирање и следење на податоци од интерес на просторниот и урбаниот развој на Општината;
- вршење работи кои произлегуваат од областа на домувањето како следење и евидентирање на податоци на територија на Општината.
- изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и патишта и други инфраструктурни објекти;
- одржување на јавната чистота на сервисните и станбените улици;
- организирање, изнесување и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад;

- изградба и одржување на јавно осветлување на локални улици и патишта на подрачјето на Општината;
- изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта од значење за Општината утврдени со урбанистички план;
- одржување и користење на зеленилото на сервисните и станбените улици;
- покренување на иницијативи и вршење на изградба, регулација, одржување и користење на речните корита;
- отстранување на нерегистрираните моторни и други возила од јавните површини;
- одржување и користење на јавните пазари;
- изградба и одржување на јавни санитарни јазли;
- врши и други работи согласно законските прописи.

**Член 17**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ги врши работите што се однесуваат на: просторно и урбанистичко планирање во Општината, покренува иницијатива и предлози за промена на Генералниот план на Град Скопје, покренува иницијатива и дава предлози за донесување или изменување на Деталните урбанистички планови, учествува во изготвувањето детални урбанистички планови, урбанистички планови за село, урбанистички планови за вон населено и урбанистичко планска документација во општината; ги следи состојбите во урбанизмот на подрачјето на Општината, ги следи прописите од својата област и дава мислење по истите, соработува со Општините, со Градот Скопје и со Општини надвор од територијата на Р. Македонија во рамките на проблематиката од урбанистичкото и просторното планирање, учествува во изготвување на програми и извештаи за работењето во одделението, врши и други работи утврдени со Законот, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 18**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ги врши работите што се однесуваат на реализација и спроведување на урбанистичките и просторните планови; ја води постапката за издавање одобренија за градење и други акти, за градби од втора категорија согласно законот за градење во електронска форма преку информацискиот систем е-дозволи; ги врши работите кои се однесуваат на изготвување и издавање извод од детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и друга урбанистичко планска документација; издавање на урбанистичка согласност и решение по поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект согласно законот за постапување со бесправно изградени објекти; ги следи прописите од својата област и дава мислење по истите, учествува во изготвување на програми и извештаи за работењето во одделението, врши и други работи утврдени со Законот, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 19**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИЦИИ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ ги врши следните работи: се грижи за снабдувањето со вода за пиење; за испорака на технолошка вода; за одведување и прочистување на отпадните води; за одржување на јавна чистота; за реконструкција и одржување на локални патишта и сервисни и станбени улици; за реконструкција и одржување на јавниот простор за паркирање, зелени површини и друго; ги следи прописите од својата област и дава мислење по истите; врши работи од областа на домувањето како следење и евидентирање на податоци на територијата на Општината; учествува во изготвување на програми и извештаи за работењето на оделението; врши и други работи утврдени со закон, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 20**

СЕКТОР ЗА ЕКОНОМСКИ ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ е надлежен за:

- следење, проучување и применување на законите и прописите кои ја опфаќаат областа на одржливиот економски развој, инвестиции и соработка со приватниот сектор и воспоставување на ЈПП, енергетска ефикасност, заштитата на животната средина и природата, локалната самоуправа, планирање на просторот за изградба и реконструкција на објекти од јавен интерес, управување со градежно земјиште, заштитата на животната средина и други закони и прописи кои ја обработуваат проблематиката од секторот и грижа за нивната примена;
- покренување иницијативи и предлози за спроведување на мерките и активностите за ефикасно користење и заштеди на енергијата ги следи активностите при изработка на годишна анализа за потрошувачката на енергија;
- координирање и организирање на прибирање, обработување и формирање база на податоци од областа на животната средина и енергетската ефикасност;
- следење и применување на законските прописи и другите акти од областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република С.Македонија;
- изготвување на годишни програма за работа од областа на рсполагањето со градежното земјиште во сопственост на Република С.Македонија на подрачјето на Општината;
- спроведување на постапките во електронска форма преку информацискиот систем е-градежно земјиште;
- спроведување на постапки по барањата за оттуѓување на градежно земјиште по пат на непосредна спогодба и други постапки согласно Законот за градежно земјиште;
- објавување јавни повици и учествува во спроведување на постапките при јавно наддавање;
- изготвување на правни акти до конечно завршување на постапката за јавно наддавање и непосредна спогодба;
- координирање на активности на комисијата за продажба на градежно земјиште и на проектните тимови при постапување со предмети во делот на управување со градежно земјиште;
- водење на регистар за градежно земјиште;

- изготвување на програмите за работа од области кои ги покрива секторот, изготвување извештаи за реализација на усвоените програми за тековната година и изготвување план за работа на секторот и одделенијата;
- спроведување на барањата согласно годишниот план за јавни набавки за отпочнување на постапки за јавни набавки кои се вршат во рамките на секторот;
- комплетно водење на евиденција и степен на реализација на стратегиските развојни документи, спроведување на предвидените програми и акциски планови;
- организирање и остварување непосредни контакти и соработка со деловниот сектор и нивните здруженија на ниво на општината за креирањето на стратешките и развојните документи за локалниот економски развој;
- следење на меѓународните искуства на полето на локалниот економски развој, испитување на можностите за нивната примена во општината и иницирање на идеи и предлози за развој на конкретни активности и проекти;
- водење на процеси при изготвувањето на стратегијата за локален економски развој на општината и стратегија за поддршка и развој на мали и средни претпријатија и претприемништвото, како и во изготвување на годишните планови за развој на општината;
- организирање на проектни тимови за изготвување на апликации и други пропратни активности, како и подршка во процесот на обезбедување на донаторски средства;
- предлагање на иницијативи за градење и воспоставување на јавно-приватни партнерства;
- формирање на база на податоци и изготвување на извештаи, информации, дописи, стручно-аналитички материјали и други документи од надлежност на секторот;
- покренување на иницијативи за преземање мерки за заштита на животната средина и природата, мерки за заштита и спречување од загадувањето на водата, воздухот, земјиштето и друг вид на заштита;
- вршење работи од областа за спроведување на енергетската ефикасност и заштеди на енергијата;
- вршење работи кои произлегуваат од областа на домувањето како следење и евидентирање на податоци на територија на Општината;
- активно партиципира во проектниот тим при изготвувањето на планови, програми проекти и стратегии за рурален развој и туризам, како и во изготвување на годишните развојни планови на општината;
- обезбедување на документациона база на податоци во делот на проекти за рурален развој и туризам;
- спроведување на истражувања за развивање на проекти за рурален развој и туризам;
- изградба, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и патишта и други инфраструктурни објекти;
- изградба и одржување на јавно осветлување на локални улици и патишта на подрачјето на Општината;
- покренување на иницијативи и вршење на изградба, регулација, одржување и користење на речните корита;
- следење и применување на законските прописи и други општи акти од областа на локалниот економски развој, информирањето и слободниот пристап на информации;

- изготвување на секторски подсекторски стратегии и планови за локалниот економски развој на Општината;
- предлага утврдување на развојните и структурните приоритети на Општината;
- следење на состојбата во стопанството на Општината и предлага модели на соработка со бизнис секторот;
- креира подршка за развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото во Општината;
- остварување соработка со меѓународни фондации и невладини организации;
- остварување меѓународна соработка на полето на локалната самоуправа;
- врши и други работи согласно законските прописи;

**Член 22**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛЕР, ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТНИ АПЛИКАЦИИ, ПОДДРШКА ЗА ЕУ ПРОГРАМИ И ЈПП ги врши следниве работи: учествува во изготвување на програми и извештаи за работењето на оделението; изготвува стратегии и планови за локалниот економски развој на Општината; предлага утврдување на развојните и структурните приоритети на Општината; организирање и остварување непосредни контакти и соработка со деловниот сектор и нивните здруженија на ниво на општината за креирањето на стратешките и развојните документи за локалниот економски развој; следење на меѓународните искуства на полето на локалниот економски развој, испитување на можностите за нивната примена во општината и иницирање на идеи и предлози за развој на конкретни активности и проекти; врши следење на програми и јавни повици од домашни и меѓународни донатори за инвестиции во рурални средини и туризам, како и закони и другите прописи од областа на локалната самоуправа и локалниот економски развој; изработува проектни апликации од домашни и меѓународни донатори, развојни програми и други извори на финансирање на проекти за развој на руралните средини и туризам; изработува проектни апликации, барања и други документи за користење на средства од повисоки нивоа на власт и програми на влада, министертсва и други агенции и фондови за развој за инвестиции во рурални средини и туризам; спроведува активности во насока на примена и следење на меѓународните искуства на полето на руралниот развој и туризам, испитување на можностите за нивната примена во општината и иницирање на идеи и предлози за развој на конкретни активности и проекти; водење на процеси при изготвувањето на стратегијата за локален економски развој на општината и стратегија за поддршка и развој на мали и средни претпријатија и претприемништвото, како и во изготвување на годишните планови за развој на општината; организирање на проектни тимови за изготвување на апликации и други пропратни активности, како и подршка во процесот на обезбедување на донаторски средства; предлагање на иницијативи за градење и воспоставување на јавно-приватни партнерства; обезбедување на документациона база на податоци во делот на проекти за рурален развој и туризам; спроведување на истражувања за развивање на проекти за рурален развој и туризам; формирање на база на податоци и изготвување на извештаи, информации, дописи, стручно-аналитички материјали и други документи од надлежност на секторот; води регистар на деловни субјекти на територијата на Општината остварува соработка со меѓународни институции и невладини организации; соработува со Општините, со Градот Скопје и со Општини надвор од територијата на Р.С. Македонија во рамките на локалниот економски развој; врши и други

работи утврдени со закон, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 23**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И УПРАВУВАЊЕ СО ЗЕМЈИШТЕ ги врши следните работи: ги следи и применува прописите од областа на одржливиот економски развој и инвестиции и соработка со приватниот сектор, енергетска ефикасност, заштитата на животната средина и природата, локалната самоуправа, изградба и реконструкција на објекти од јавен интерес, управување со градежно земјиште и други закони и прописи кои ја обработуваат проблематиката од секторот и грижа за нивната примена. Изградба и одржување на јавно осветлување на локални улици и патишта на подрачјето на Општината. Спроведување на проекти за заштита на животната средина, заштита на природата, заштита од бучава во животната средина, квалитетот на амбиенталниот воздух и други прописи; изготвува годишни програми за заштита на животната средина; врши мониторинг (следење) на состојбите во животната средина и предлага мерки за заштитата и унапредувањето на животната средина и природата (водата, воздухот, земјиштето), заштита од бучавата и нејонизирано зрачење; остварува соработка со мегународни институции и невладини организации; соработува со Министерството за заштита на животната средина, со Општините, со Градот Скопје и со Општини надвор од територијата на Република С.Македонија во рамките на проблематиката од заштита на животната средина; ги следи и спроведува законските прописи за енергетска ефикасност; врши работи од областа за спроведување на енергетска ефикасност за зградите и другите јавни објекти; ги спроведува мерките и активностите за ефикасно користење на енергијата; обезбедува енергетска контрола на зградите и другите јавни објекти најмалку еднаш во три години за што доставува извештај за енергетска контрола; донесува програма за енергетска ефикасност за период од три години и ја доставува до надлежните институции; ја следи и управува потрошувачката на енергијата во зградите и другите јавни објекти и јавното осветлување; учествува во изготвување на програми и извештаи за работењето во одделението; ја следи изградбата на магистралните и локалните патишта во општината како и други инфраструктурни објекти на земјиште и територија на општината (водоводи, топлификациона мрежа, канализациона мрежа); координирање на активности на комисијата за продажба на градежно земјиште и на проектните тимови при постапување со предмети во делот на управување со градежно земјиште; покренува иницијативи и врши изградба и регулација на речните корита, парковите и зелените површини, игралишта, стадиони, спортски терени и друго; врши и други работи утврдени со законските прописи како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 24**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ е надлежно за:

- следење и применување на законските прописи и други општи акти од областа на инспекцискиот надзор во локалната самоуправа, градежништвото, комуналните дејности, заштитата на животната средина, управување со отпадот и др.;

- вршење инспекциски надзор за легалноста при изградбата на објекти, наредување прекин на изградба, отстранување на градба и затворање на градилишта и др. согласно Законот за градење;
- вршење инспекциски надзор од областа на комуналните дејности согласно Законот за комунални дејности;
- вршење контрола на терен и санкционирање на прекршителите во врска со спроведување на Законот за јавна чистота;
- превземање активности за отстранување на хаварисаните моторни и други возила од јавните површини;
- вршење инспекциски надзор од областа на заштитата на животната средина согласно Законот за животна средина и други прописи од оваа област;
- вршење инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на основното образование согласно со закон;
- извршување на правосилните решенија од овластените инспектори;
- поднесување на барање за поведување на прекршочни постапки до судовите и кривични пријави до ОЈО за сторителите на казнени дела;
- вршење на инспекциски надзор над станбените, станбено-деловните и деловно-станбените згради, дали управувањето се врши согласно со Законот за домување и подзаконските прописи донесени согласно истиот и вршење инспекциски надзор во однос на почитувањето на пропишаните норми и стандарди за домување;
- вршење и други работи утврдени со закон, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општина.

**Член 25**

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ги врши следните работи:

- следење, проучување и примена на законските прописи и други општи акти во областа на внатрешната ревизија и други законски и општи акти од областа на локалната самоуправа;
- вршење внатрешна ревизија согласно закон и други прописи и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината, и согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финасии;
- изготвување ревизорски универзум согласно препораките и го доставува до ЦЕХ;
- подготвување годишен план за внатрешна ревизија;
- вршење внатрешна ревизија на регуларност, финансиски ревизии, системски, ИТ ревизии и ревизии на успешност;
- доставување извештаи за извршената внатрешна ревизија до Градоначалникот;
- подготвување годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија и ги доставува до ЦЕХ при Министерството за финансии;
- вршење оценување на значајни фактори на ризик и дава совети на Градоначалникот за намалување на факторите на ризик;
- врз основа на анализи од работењето утврдување и оценување на економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето по системите за финансиското управување и контрола, и давање препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;

- утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите и подзаконските акти на органите на Општината;
- вршење и други работи согласно законските прописи.

**Член 26**

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ги врши следните работи:

- следење, проучување и применување на законските прописи од областа на локалната самоуправа, работните и службеничките односи;
- подготвување на Одлука за организација, делокругот и начинот на извршување на работите на општинската администрација, Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација, како и нивните измени и дополнувања;
- дава поддршка на тимовите при изготвување на функционална анализа на општината;
- изготвува решенија, упатства, програми, правилници и други акти од надлежност на одделението;
- изготвува годишни планови за вработување, извештаи по однос на истите, планови за работа на одделението;
- подготвување и обработување податоци во врска со човечките ресурси и обработување документација за изработка на анализи и информации од областа на човечките ресурси;
- водење и ажурирање електронската база HRMIS на податоци за вработените;
- водење на персоналните досиеја на сите вработени во општинската администрација;
- водење евиденција за присуство на вработените на работа;
- соработување со надлежните институции во врска со сите прашања кои се однесуваат на законската регулатива за кои е надлежно одделението;
- спроведување на постапки за вработување во Општината;
- спроведување на постапки за унапредување на вработените;
- учествување во изготвувањето на годишната програма за стручно усовршување и предлагање насоки за стручно усовршување на вработените како и извештаи по однос на истото;
- координирање на постапката за оценување на административните службеници;
- координирање на постапките за утврдување на одговорност на вработените;
- врши работи поврзани со користењето на службени мобилни телефони од страна на вработените во општинската администрација и членовите на советот;
- вршење координација и подготвување на план за годишни одмори на вработените;
- вршење и други работи утврдени со законските прописи, како и работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот и Секретарот на Општината.

**Член 27**

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа во согласност со закон.

**IV. Раководење со организационите единици**

**Член 28**

Работата на општинската администрација е јавна.

Со општинската администрација раководи градоначалникот, односно секретарот на Општината.

**Член 29**

Со секторот раководи Раководител на секторот.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошник раководител на секторот, а доколку нема помошник раководител на сектор со секторот раководи административен службеник од секторот со највисоко звање кој го определува Градоначалникот, односно Секретарот.

Со одделението раководи раководител на одделение.

Во случај на отсутност или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението, кој го определува раководителот на секторот.

**Член 30**

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува градоначалникот на Општината со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

**V.Начин и форма на работа**

**Член 31**

Начинот и формата на раководење со делокругот на работата се одвива преку стручен колегиум кој го свикува градоначалникот односно секретарот.

Стручниот колегиум разгледува начелни и други прашања од делокругот на работата на Општината и му дава мислења и предлози на градоначалникот.

Стручниот колегиум го сочинуваат: градоначалникот, секретарот, раководителите на секторите и раководителите на посебните одделенија.

Во работата на стручниот колегиум спрема потребите можат да учествуваат и други административни службеници.

За потребата од свикување на стручниот колегиум и за прашањата што ќе се разгледуваат одлучува градоначалникот односно секретарот.

**Член 32**

За извршување на посложени работи и задачи, за разгледување на одделни прашања, за извршување на работи кои опфаќаат повеќе области, за извршување на одделни задолженија и обврски од надлежност на Општината, како и во други случаи, градоначалникот односно секретарот може да формира комисии, работни групи и други работни тела во кои што може да членуваат и надворешни стручни лица.

Решенија за формирање на работните тела од став 1 на овој член, донесува градоначалникот, односно секретарот.

**Член 33**

Стручниот колегиум врши надзор над спроведување на Стратегијата за управување со ризици на Општина Ѓорче Петров и други стратегии поврзани со работата на Општината.

**VI.Преодни и завршни одредби**

**Член 34**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Ѓорче Петров бр.08-3434/4 од 23.12.2015 година.

**Член 35**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Ѓорче Петров", а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Број 08-2996/6** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 19.09.2019 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на админиистративно-деловна зграда и подземен паркинг простор со сите дополнително склучени анекс договори и раскинување на договорот**

Се објавува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на админиистративно-деловна зграда и подземен паркинг простор со сите дополнително склучени анекс договори ираскинување на договорот, што советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/5**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-тата Седница одржана на ден 19.09.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за пренос на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на админиистративно - деловна зграда и подземен паркинг простор со сите дополнително склучени анекс договори и**
**раскинување на договорот**

**Член 1**

Се става вон сила Одлуката за давање согласност за пренос на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор број 03-121/19 од 26.06.2013 година, солимизиран кај нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 414/13, како и дополнително склучените анекс договори кон основниот договор и тоа: -Анекс-договорот број 03-255/1 од 29.01.2015 година, солимизиран кај нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 31/15, Анекс-договорот број 03-1214/1 од 26.04.2017 година, солимизиран кај нотар Владимир Голубовски под број ОДУ 54/17, Анекс-договорот број 03-1790/5 од 04.10.2017 година, солимизиран кај нотар Владимир Голубовски под број ОДУ број 126/17, Анекс-договорот број 03-617/1 од 16.02.2018 година, солимизиран кај нотар Мери Весова на ден 19.02.2018 година, заведен под ОДУ број 144/18, Анекс-договор број 03-999/1 од 15.03.2018 година, солимизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број234/18 од 19.03.2018 година, Анекс-договор број 03-999/2 од 18.04.2018 година, солимизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број335/18 од 19.04.2018 година, Анекс-договор број 03-1880/2 од 31.05.2018 година, солимизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број 499/18 од 31.05.2018 година и Анекс-договор број 03-3810/2 од 31.10.2018 година, солимизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број 973/18 од 08.11.2018 година, број 08-4640/4 од 24.12.2018 година, објавена во Службен Гласник на општина Ѓорче Петров број 18/18.

**Член 2**

Се раскинува Договорот за пренос на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекс-договори број 03-4713/1 од 26.12.2028 година, склучен помеѓу општина Ѓорче Петров Скопје и Друштвото за трговија и услуги ЕЛКОС ГРУП ДОО експорт-импорт Скопје, ул.„Втора Македонска Бригада" број 14/3 општина Бутел и ЕМБС:6815332, а во согласност со Приватниот партнер Друштвото за градежништво транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, солемнизиран од нотар Мери Весова Скопје, под ОДУ број 1150/18.

**Член 3**

Се овластува градоначалникот на општина Ѓорче Петров да ги превземе сите потребни дејствија за раскинување на Договорот за пренос на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени анекс-договори број 03-4713/1 од 26.12.2028 година, склучен со Друштвото за трговија и услуги ЕЛКОС ГРУП ДОО експорт-импорт Скопје, ул.„Втора Македонска Бригада " број 14/3, општина Бутел.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2996/7**
**Од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на админиистративно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени Анекс-договори**

Се објавува Одлуката за раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на админиистративно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени Анекс-договори, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/6**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 44 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и 153/19), член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19) и член 33 од Договорот за воспоставување ана јавно приватно партнерство за изградба наадминистративно д-деловна зграда и подземен паркинг простор број 03-121/19 од 26.06.2019 година, советот на општина Ѓорче Петров на 31-тата Седница одржана на ден 19.09.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на админиистративно-деловна зграда и подземен паркинг простор и сите дополнително склучени Анекс-договори**

**Член 1**

Се раскинува Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор број 03-121/19 од 26.06.2013 година, солимизиран кај нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 414/13, како и дополнително склучените Анекс-договори кон основниот договор и тоа: Анекс-договорот број 03-255/1 од 29.01.2015 година, солимизиран кај нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 31/15, -Анекс-договорот број 03-1214/1 од 26.04.2017 година, солимизиран кај нотар Владимир Голубовски под број ОДУ 54/17, Анекс-договорот број 03-1790/5 од 04.10.2017 година, солимизиран кај нотар Владимир Голубовски под број ОДУ број 126/17, Анекс-договорот број 03-617/1 од 16.02.2018 година, солимизиран кај нотар Мери Весова на ден 19.02.2018 година, заведен под ОДУ број 144/18, Анекс-договор број 03-999/1 од 15.03.2018 година, солимизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број234/18 од 19.03.2018 година, Анекс-договор број 03-999/2 од 18.04.2018 година, солимизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број335/18 од 19.04.2018 година, Анекс-договор број 03-1880/2 од 31.05.2018 година, солимизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број 499/18 од 31.05.2018 година и Анекс-договор број 03-3810/2 од 31.10.2018 година, солимизиран од нотар Мери Весова заведен под ОУД број 973/18 од 08.11.2018 година, склучени со Друштвото за градежништво, транспорт и трговија ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, со седиште на ул.„Костурсски херои бр.38 кат 2 локал 1.

**Член 2**

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и сите дополнително склучени Анекс-договори се раскинуваат по вина на Приватниот партнер, од следните причини:

- Приватниот партнер не ги изаврши градежните работи во рокот предвиден во член 13 од Договорот и покрај тоа што во неколку наврати рокот е продолжуван од страна на Јавниот партнер;

- Приватниот партнер не ја обновува банкарската гранција за навремено и квалитетнио извршување на договорот на начин и рокови утврдени во член 24 став 3 и членовите 25 и 27 од Договорот;

- Приватниот партнер не е во можност да продолжи со извршувањето на обврските предвидени со договорот поради финансиски проблем.

**Член 3**

Со раскинувањето на договорот Приватниот партнер не стекнува никакви права над градбата или делови од градбата кои се изградени до раскинувањето на договорот, ниту пак има право да бара надомест на штета или надоместок на изгубена добивка, затоа што договорот се раскинува по негова вина согласно член 33 став 4 и 9 од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 4**

Се овластува градоначалникот на општина Ѓорче Петров да го извести Приватниот партнер Друштво ТРАНСМЕТ ДОО Скопје, за раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда и подземен паркинг простор број 03-121/19 од 26.06.2013 година, солимизиран кај нотар Мери Весова заведен под ОДУ број 414/13, како и дополнително склучените Анекс-договори кон основниот договор, наведени во член 1 од ова Одлука.

**Член 4**

Договорот за воспоставување на јавноприватно партнерство се смета за раскинат со денот на доставување на известувањето за раскинување до Приватниот партнер .

**Член 5**

Со одлуката да се изврши предбележување во Агенцијата за катастар на недвижности Скопје.

**Член 6**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2996/8**
**Од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на МПЦ-ОА Црква Св.„Спас“ - с.Орман**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на МПЦ-ОА Црква Св.„Спас“ - с.Орман, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/7**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2019 година број 08-4703/4 од 28.12.2018 година (Службен Гласник на општина Ѓорче Петров бр.19/2018) и Барањето бр. 03-2907/1 од 30.08.2019 година, советот на општина Ѓорче Петров на 31-вата Седница одржана на ден 19.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на**
**МПЦ-ОА Црква Св.„Спас“ - с.Орман**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2019 година Програма- А0 Совет на општина - позиција 464990 – други трансфери, на МПЦ-ОА Црква Св.„Спас“ -с.Орман, се доделува износ од 150.000,00 денари, како финасиска подршка за набавка на реквизити за осветување на истата.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на име МПЦ-ОА Црква Св.„40 Маченици“- с.Орман, на жиро сметка број 300000001461535, Комерцијална Банка а.д.-Скопје.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2996/9** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 19.09.2019 година** **Претседател,**
**С к о п је** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување на финансиски средства за одржување на традиционален турнир во мал фудбал „ГЕ ГЕ КУП 2019"**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства за одржување на традиционален турнир во мал фудбал „ГЕ ГЕ КУП 2019", што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/8**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 22-а од Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016 и 106/2016), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година број 08-4703/4 од 28.12.2018 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2018), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-вата Седница одржана на ден 19.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства за одржување на традиционален турнир во мал фудбал „ГЕ ГЕ КУП 2019“**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година -Л0 Спорт и рекреација- позиција 464990 – Други трансфери, се одобрува износ од 210.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за организирање и подготвување на активности и програма за одржување на традиционален турнир во мал фудбал „ГЕ ГЕ КУП 2019“, како и за исплата на хонорари на организациониот одбор, награден фонд за турнирот, судии и останати трошоци во врска со турнирот.

**Член 2**

За реализација на активностите опишани во член 1 на оваа Одлука, се предвидени во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2019 година.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за финансирање и Буџет за извршување на Одлуката.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2996/10** | **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 19.09.2019 година** | **Претседател,**
**С к о п ј е** | **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување финансиски средства на Мото Клуб „Вардар“**

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на Мото Клуб „Вардар“, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/9**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 22-а од Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016 и 106/2016), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година број 08-4703/4 од 28.12.2018 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2018), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-вата Седница одржана на ден 19.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за доделување на финансиски средства на Мото Клуб „Вардар"-Скопје**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на Мото Клуб „Вардар"-Скопје , се доделува износ од 60.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за клубот и за предстоен мото крос – трка кој ќе се одржи во месец октомври.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука, Мото Клуб „Вардар"-Скопје, се обврзува да потпише меморандум за соработка со Општина Ѓорче Петров, а по завршување на активностите опишани во барањето бр. 03-3062/1 од 13.09.2019 година, да поднесе детален финансов извештај до општината за потрошените финансиски средства добиени од општината, поткрепен со финансиска документација.

**Член 3**

Средствата да се уплатат на Мото Клуб „Вардар"-Скопје, на жиро сметка број 300000001087891, ЕДБ 4030978163158, Комерцијална Банка а.д.-Скопје.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-2996/11** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 19.09.2019 година** — **Претседател,**
**С к о п ј е** — **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II квартал од 2019 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II квартал од 2019 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на триесет и првата седница, одржана на ден 19.09.2019 година.

**Број 09-3148/10**
**од 19.09.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и ) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-вата седница одржана на ден 19.09.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II квартал за период од 01.04.2019 до 30.06.2019 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за II квартал за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2996/12**
**од 19.09.2019 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА II КВАРТАЛ НА 2019 ГОДИНА

С к о п ј е, 2019 година

**Квартален извештај за извршување на буџетот на општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ за извештајниот период (кумулативно) за квартал**

**од 01.01.2019 до 30.06.2019 година**

Општина : **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
Извештаен период : **од 01.01.2019 до 30.06.2019 година**
Датум на поднесување: 22.07.2019

| | Буџет | | Самофинансир. активности | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | | Останува за реализац. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | |
| **ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :** | **263.870.552** | **79.352.298** | **40.415.000** | **13.201.125** | **194.056.000** | **95.265.602** | **3.758.700** | **770.949** | **13.000.000** | **1.858.552** | **515.100.252** | **190.448.526** | **324.651.726** |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :** | **191.780.552** | **69.054.599** | **37.095.000** | **10.215.529** | **193.746.000** | **89.179.394** | **3.758.700** | **770.949** | **0** | **0** | **426.380.252** | **169.220.471** | **257.159.781** |
| **КАПИТАЛЕН БИЛАНС :** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :** | **17.860.000** | **3.265.053** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **17.860.000** | **3.265.053** | **14.594.947** |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ :** | **89.950.000** | **13.043.775** | **3.320.000** | **200.250** | **310.000** | **77.404** | **0** | **0** | **13.000.000** | **1.575.044** | **106.580.000** | **14.896.473** | **91.683.527** |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ :*** | ***263.870.552*** | ***79.352.298*** | ***40.415.000*** | ***13.201.125*** | ***194.056.000*** | ***95.265.602*** | ***3.758.700*** | ***770.949*** | ***13.000.000*** | ***1.858.552*** | ***515.100.252*** | ***190.448.526*** | ***324.651.726*** |
| **71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **151.394.889** | **64.103.508** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **151.394.889** | **64.103.508** | **87.291.381** |
| 711 Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 8.930.000 | 5.042.537 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.930.000 | 5.042.537 | 3.887.463 |
| 713 Даноци на имот | 44.000.000 | 22.098.253 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44.000.000 | 22.098.253 | 21.901.747 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 98.264.889 | 36.959.633 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 98.264.889 | 36.959.633 | 61.305.256 |
| 718 Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 200.000 | 3.085 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 3.085 | 196.915 |
| **72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **90.805.000** | **2.304.526** | **40.415.000** | **13.143.325** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **131.220.000** | **15.447.851** | **115.772.149** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 | 0 | 957 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 957 | -957 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 1.750.000 | 428.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.750.000 | 428.500 | 1.321.500 |
| 723 Такси и надоместоци | 1.500.000 | 362.620 | 40.165.000 | 13.142.368 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 41.665.000 | 13.504.988 | 28.160.012 |
| 724 Други владини услуги | 40.000 | 48.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 48.000 | -8.000 |
| 725 Други неданочни приходи | 87.515.000 | 1.465.406 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 87.765.000 | 1.465.406 | 86.299.594 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **21.670.663** | **12.944.264** | **0** | **57.800** | **194.056.000** | **95.265.602** | **3.758.700** | **770.949** | **0** | **0** | **219.485.363** | **109.038.615** | **110.446.748** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 21.670.663 | 12.944.264 | 0 | 0 | 194.056.000 | 95.265.602 | 0 | 770.949 | 0 | 0 | 215.726.663 | 108.980.815 | 106.745.848 |
| 742 Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.758.700 | 0 | 0 | 0 | 3.758.700 | 0 | 3.758.700 |
| 744 Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 57.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.800 | -57.800 |
| **75 ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **13.000.000** | **1.858.552** | **13.000.000** | **1.858.552** | **11.141.448** |
| 754 Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.000.000 | 1.858.552 | 13.000.000 | 1.858.552 | 11.141.448 |
| ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ :*** | ***17.860.000*** | ***3.265.053*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***17.860.000*** | ***3.265.053*** | ***14.594.947*** |
| **73 КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **9.360.000** | **3.265.053** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **9.360.000** | **3.265.053** | **6.094.947** |
| 731 Продажба на капитални средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 733 Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 9.360.000 | 3.265.053 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.360.000 | 3.265.053 | 6.094.947 |
| **74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **8.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **8.500.000** | **0** | **8.500.000** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 8.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.500.000 | 0 | 8.500.000 |

| | Буџет | | Самофинансир. активности | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | | Останува за реализац. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | Буџет | Реализација | |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ :*** | ***191.780.552*** | ***69.054.599*** | ***37.095.000*** | ***10.215.529*** | ***193.746.000*** | ***89.179.394*** | ***3.758.700*** | ***770.949*** | ***0*** | ***0*** | ***426.380.252*** | ***169.220.471*** | ***257.159.781*** |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **42.754.552** | **18.060.407** | **0** | **0** | **171.029.000** | **80.059.586** | **0** | **0** | **0** | **0** | **213.783.552** | **98.119.993** | **115.663.559** |
| 401 Основни плати | 27.463.552 | 11.772.271 | 0 | 0 | 124.206.000 | 63.796.487 | 0 | 0 | 0 | 0 | 151.669.552 | 75.568.758 | 76.100.794 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 9.727.000 | 4.261.149 | 0 | 0 | 46.823.000 | 16.263.099 | 0 | 0 | 0 | 0 | 56.550.000 | 20.524.248 | 36.025.752 |
| 404 Надоместоци | 5.564.000 | 2.026.987 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.564.000 | 2.026.987 | 3.537.013 |
| **41 РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.300.000** | **462.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.300.000** | **462.000** | **838.000** |
| 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 0 | 800.000 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 500.000 | 462.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 462.000 | 38.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **108.383.000** | **37.795.335** | **37.095.000** | **10.215.529** | **22.717.000** | **9.119.808** | **2.568.670** | **770.949** | **0** | **0** | **170.763.670** | **57.901.621** | **112.862.049** |
| 420 Патни и дневни расходи | 910.000 | 473.136 | 100.000 | 0 | 130.000 | 10.280 | 1.491.190 | 561.708 | 0 | 0 | 2.631.190 | 1.045.124 | 1.586.066 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 22.897.000 | 9.433.016 | 1.095.000 | 113.565 | 17.880.000 | 7.657.811 | 0 | 0 | 0 | 0 | 41.872.000 | 17.204.392 | 24.667.608 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 2.825.000 | 639.701 | 30.540.000 | 9.210.690 | 1.449.000 | 425.534 | 127.920 | 32.461 | 0 | 0 | 34.941.920 | 10.308.386 | 24.633.534 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 34.309.000 | 12.269.596 | 3.165.000 | 182.493 | 482.000 | 161.778 | 0 | 0 | 0 | 0 | 37.956.000 | 12.613.867 | 25.342.133 |
| 425 Договорни услуги | 28.845.000 | 9.615.122 | 1.195.000 | 182.202 | 2.336.000 | 695.109 | 900.800 | 164.258 | 0 | 0 | 33.276.800 | 10.656.691 | 22.620.109 |
| 426 Други тековни расходи | 6.597.000 | 3.274.862 | 1.000.000 | 526.579 | 440.000 | 169.296 | 48.760 | 12.522 | 0 | 0 | 8.085.760 | 3.983.259 | 4.102.501 |
| 427 Привремени вработувања | 12.000.000 | 2.089.902 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000.000 | 2.089.902 | 9.910.098 |
| **45 КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **150.000** | **66.654** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** | **66.654** | **83.346** |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 150.000 | 66.654 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 66.654 | 83.346 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **18.298.000** | **2.352.043** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.190.030** | **0** | **0** | **0** | **19.488.030** | **2.352.043** | **17.135.987** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 6.150.000 | 974.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 366.050 | 0 | 0 | 0 | 6.516.050 | 974.000 | 5.542.050 |
| 464 Разни трансфери | 12.148.000 | 1.378.043 | 0 | 0 | 0 | 0 | 823.980 | 0 | 0 | 0 | 12.971.980 | 1.378.043 | 11.593.937 |
| **47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **2.350.000** | **1.046.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.350.000** | **1.046.000** | **1.304.000** |
| 471 Социјални надоместоци | 2.350.000 | 1.046.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.350.000 | 1.046.000 | 1.304.000 |
| **49 ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **18.545.000** | **9.272.160** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **18.545.000** | **9.272.160** | **9.272.840** |
| 493 Отплата на главнина до други нивоа на власт | 18.545.000 | 9.272.160 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18.545.000 | 9.272.160 | 9.272.840 |
| ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ :*** | ***89.950.000*** | ***13.043.775*** | ***3.320.000*** | ***200.250*** | ***310.000*** | ***77.404*** | ***0*** | ***0*** | ***13.000.000*** | ***1.575.044*** | ***106.580.000*** | ***14.896.473*** | ***91.683.527*** |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **89.950.000** | **13.043.775** | **3.320.000** | **200.250** | **310.000** | **77.404** | **0** | **0** | **13.000.000** | **1.575.044** | **106.580.000** | **14.896.473** | **91.683.527** |
| 480 Купување на опрема и машини | 4.000.000 | 166.073 | 2.410.000 | 20.250 | 140.000 | 21.932 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.550.000 | 208.255 | 6.341.745 |
| 481 Градежни објекти | 8.250.000 | 2.125.364 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.950.000 | 2.125.364 | 6.824.636 |
| 482 Други градежни објекти | 71.700.000 | 10.714.538 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.000.000 | 1.575.044 | 84.700.000 | 12.289.582 | 72.410.418 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 155.000 | 55.472 | 0 | 0 | 0 | 0 | 185.000 | 55.472 | 129.528 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 6.000.000 | 37.800 | 0 | 0 | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.015.000 | 37.800 | 5.977.200 |
| 486 Купување на возила | 0 | 0 | 180.000 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180.000 | 180.000 | 0 |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ :**

**Лице за контакт**
**Драгица Тодоровска**

**Градоначалник**
**АЛЕКСАНДАР НАУМОСКИ**

**Образец К2**

**Квартален извештај за достасани ненамирени обврски**

**Општина:** ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**Квартал:** од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година

**Датум на поднесување на извештајот:** 22.07.2019 година

(ден, месец, година)

| Месеци | Обврски до 30 дена | Обврски до 60 дена | Обврски над 60 дена | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | утужени | неутужени | **Вкупно** | |
| јануари | 1.487.415 | 17.279.527 | | | **0** | **18.766.942** |
| февруари | 1.480.310 | 3.458.304 | | 15.531.891 | **15.531.891** | **20.470.505** |
